

# Бетонска утопија

*Дневен весник (Ед. бр. 24249)*

## НАШ СТАВ

24.01.2018 15:00

799


Весна Дамчевска
vesna.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Интересот на една врвна уметничка институција, каква што е њујоршка „МоМА“, да постави изложба што се занимава со споменициите за кои никој повеќе во регионот не води грижа, треба да биде поттик да го сочуваме она што го имаме не само поради идеолошката, туку пред сè поради естетската вредност. Затоа што очигледно е дека она што „нам не ни се допаѓа“ во светската уметничка и културна јавност исклучително се вреднува и цени**

Горчина и револт предизвика сликата од искршената спомен-плоча поставена на куќата на поетот револуционер Ацо Шопов во Штип, која деновиве осамна на социјалните мрежи. Сојузот на борците и локалните власти го осудија вандализирањето и најавија брзо обновување на искршената спомен-плоча, но чинот наиде на остри коментари и во пошироката јавност, особено што ваквиот однос кон основоположникот на современата македонска поезија, Ацо Шопов, не е изолиран случај. Споменициите од минатото често се цел на напади или се комплетно запуштени и руинирани.

Денес како што бледнеат спомените на Југославија, бледнеат и трагите од споменициите во градовите и селата низ поранешната држава. Тие се речиси целосно напуштени и полека но сигурно паѓаат во заборав. Дури и оние импресивните со футуристички изглед, кои светската стручна јавност исклучително ги вреднува, немо стојат како паметници на времето на старата Југославија, државата по која некои сè уште тагуваат, додека други со задоволство би ја закопале во минатото.

Југославија како држава претрпе огромни човечки и материјални жртви во Втората светска војна, која важи за најкрвава војна за која човекот досега сведочел. Токму во чест на целиот тој период полн со уништувања и голем број човечки жртви, подигнати се споменици низ цела поранешна Југославија, за да ги потсетуваат луѓето за тоа што донела војната на овие простори.
Денес тие се полураспаднати, заборавени или оставени на маргините на една сосема изменета контекстуализација на овие простори. Од некогашни собиралишта и задолжителни точки на училишните екскурзии, овие споменици се претвораат во траги на една заборавена историја, иако многу од нив се токму дело на врвни уметнички звучни имиња како Јордан Грабул, Богдан Богдановиќ, Петар Хаџи Бошков и многу други. Денес овие споменици се тажна слика на заборав и негрижа, излупени, запуштени, заборавени и прекриени со пиреј.

Белгискиот фотограф Јан Кемпенаерс пред неколку години се потруди да ни ги доближи и да нè принуди никогаш да не ја заборавиме нивната силна порака. Неговата серија од фотозаписи под името „Споменици: крајот на една ера" го предизвика светското внимание, а пораката беше дека социјализмот на овие простори е период што не може и не смее да се негира или заборави. Неговата идеологија се отсликува и во архитектурата, која била актуелна во тој период и која е заштитен знак на поранешната република.

Овие структури најмногу се направени во текот на 1960-тите и 1970-тите години за да се обележат местата на кои се одвивале важни битки (Тјентиште, Козара, Кадињача) или местата на кои биле сместени концентрациони логори (Јасеновац, Ниш). Еден од нив е и спомеников „Македониум" во Крушево, посветен на Крушевската Република и на нашите херои од тој период. Спомениците се дизајнирани од различни скулптори (Душан Џамоња, Војин Бакиќ, Миодраг Живковиќ, Јордан и Искра Грабул) и архитекти (Богдан Богдановиќ, Градимир Медаковиќ), а се одликуваат со моќни визуелни елементи, кои ја отсликуваат силата на тогашната република.

Иако од овие слики се гледа нивната лоша физичка состојба и занемареност од институциите, овие споменици сè уште имаат неверојатна и необична архитектонска убавина и вредност. Особено што некои од нив откриваат една нетипична отвореност на југословенскиот режим кон апстрактните споменици во периодот на 1950-тите години, кои покажуваат дефинитивно отклонување од соцреализмот во уметноста. Иако станува збор за споменици што ја слават херојската историја и ветувањето за сјајна иднина, нивната морфологија и дизајн се модерни, па дури и футуристички, па поради својата убавина заслужуваат почит. Токму естетиката е нивната предност, а показател за тоа дека овие споменици доживуваат преродба е најновата изложба што се подготвува во една од најпрестижните музејски институции во светот, Музејот на модерната уметност во Њујорк („МоМА").

Поставката со наслов „Поглед на бетонската утопија" се најавува како изложба на деценијата, а ќе биде отворена во втората половина на 2018 година (15 јули). Станува збор за репрезентативна изложба на југословенската архитектура од периодот од 1948 до 1980 година и опфаќа повеќе од 400 цртежи, модели, фотографии и филмски снимки од градските архиви и приватни и музејски колекции од целиот регион. Ова ќе биде прво претставување на исклучителните дела на водечките архитекти на социјалистичка Југославија пред американската и меѓународната јавност.

Интересот на една врвна уметничка институција, каква што е њујоршка „МоМА", да постави изложба што се занимава со спомениците за кои никој повеќе во регионот не води грижа, треба да биде поттик да го сочуваме она што го имаме не само поради идеолошката, туку пред сè поради естетската вредност. Затоа што очигледно е дека она што „нам не ни се допаѓа" во светската уметничка и културна јавност исклучително се вреднува и цени.

---

t f +

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**

Весна Дамчевска | спомен-плоча | револуционер | Ацо Шопов | Штип | колумна

**КОМЕНТАРИ**

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)

Остави коментар

Внеси коментар